ИПИС
ИНСТИТУТ ЗА ПОЛИТИЧКИ ИСТРАЖУВАЊА
Religija.mk
KONRAD ADENAUER STIFTUNG

# Попис 2021: Приказ на мултиетничкиот и мулти-религискиот карактер на општеството

Владимир Божиновски
Марјан Николовски




www.kas.de

# Попис 2021: Приказ на мултиетничкиот и мулти-религискиот карактер на општеството

Владимир Божиновски
Марјан Николовски

# Импресум

**Наслов:**
Попис 2021: Приказ на мултиетничкиот и мулти-религискиот карактер на општеството

**Автори**:
Владимир Божиновски
Марјан Николовски

**Издавач**:
Фондација Конрад Аденауер, претставништво во Република Северна Македонија
Институт за Политички истражувања-Скопје
„Религија.мк“ Молитвеник за информации

**Координација**:
Даниел Браун
Роберт Јанев

**Статистичка/квантитативна анализа:**
Гораст Стојменовски

**Дизајн:**
Винсент Графика Скопје

**Фотографија на насловна страница:**
Аворските права за фотографијата ги задржува фондацијата Конрад Аденауер

**Книгата може бесплатно да се преземе на:**
kas.de/nordmazedonien

**Напомена:**
Оваа публикација на Фондацијата Конрад Аденауер служи само за информативни цели. Истата не смее да се употребува во рамки на изборни кампањи. Ставовите и заклучоците во оваа публикација им припаѓаат на самите автори и на никаков начин не ги рефлектираат ставовите и заклучоците на Фондацијата Конрад Аденауер.

# Содржина

Вовед 5

Анализа и заклучни согледувања 7

Демографски карактеристики 15

Табеларен приказ на резултатите 22

# Вовед

Институтот за политички истражувања Скопје, (ИПИС) и интернет порталот Religija.mk, заедно со Фондацијата Конрад Аденауер – КАС, спроведоа ново испитување на јавното мислење во рамки на проектот „Република Северна Македонија како мултиконфесионално општество“.

Со оглед на тоа дека истражувањата на јавното мислење што во рамки на овој проект се спроведуваат, се едни од ретките кои даваа слика на религиозната карта на Северна Македионија, пописот на населението по 20 години беше една од таргет целите на ова истражување.

Истражувањето е подготвувано, пред и за време на објавувањата на резултатите, а спроведено речиси две недели по објавувањето на пописните резултати, со цел да се добие појасна и пореалистичка слика, без можни медиумски влијанија врз резултатите на испитаниците.

Истражувањето е поделено во три дела, кои испреплетуваат прашања кои треба да ја отсликаат перцепцијата на граѓаните за пописот, резултатите, како и за влијанијата врз одлуката на оние кои учествувале, или не учествувале во пописот.

Иако примарна цел на истражувањето е религиската определба, како паралела со пописните резултати, сепак во истражувањето се вклучени прашања околу мислењата на граѓаните за целиот пописен процес, што пак го прави прво вакво истражување, по објавувањето на резултатите, кое дава слика и оценка на граѓаните за пописот и нивното мислење за веродостојноста и евентуалните влијанија врз пописниот процес.

Со оглед на тоа дека пописните резултати, особено во делот на религиската припадност и вероисповед, покажаа драстично поразлинчна слика од досегашните познати податоци, ова истражување е фокусирано и на утврдување на процентот на верска опрделба на испитаниците. Токму овој прв дел од истражувањето беше елемент кој би послужил како еден вид на споредбена анализа со официјалните статистички податоци кои беа објавени.

Во вториот дел истражувањето фокусот беше ставен на пописниот процес. Тука се вклучени прашањата од кои се добива одговор, дали и колкав процент од населението учествувало во пописот, дали, и евентуално кој влијале врз нивната одлука да се попишат, или да не се попишат за време на пописот. Особено интересно е прашањето на кое се бара одговор за причината поради која не учествувале во пописот.

Во овој дел од истражувањето беше цел да се добие одговор и за мислењето на граѓаните околу бојкотот на пописот, кампањата за бојкот, колку тој беше продуктивен, колку непродуктивен. Резултатите од ова прашање даваат интересни резултати.

Веродостојноста на пописот, резултатите, влијанијата врз него, се исто така отсликани во ова истражување, преку перцепцијата на испитаниците добиена од сплет на вкрстени прашања на кои се бараше одговори. Особено што во оваа група прашања се бараше мислење за довербата во резултатите од етничката и од верската определба поединечно.

Третиот дел од истражувањето е всушност и главната цел, а тоа е религиската определба, влијанијата, начинот на кој се вршело попишувањето, се тоа низ одговорите на испитаниците кои даваат една оценка на веродостојноста и на целиот пописен процес во делот на верската определба.

Тука испитаниците даваа одговори на прашања од типот, дали на пописот ја декларирале својата религиска припадност, дали им било важно да се изјаснат религиски, но и она што е особено важно е дали попишувачите ги прашувале за религиската определба, дали им давале опции за избор, дали некој влијаел врз нивните одговори и евентуално кој. Каква била нивната комуникација со матичната верска заедница, дали имале укажувања, или не, како да се попишуваат.

Од одговорите на овие вкрстени прашања истражувањето покажува една сложена слика за тоа како е спроведен пописот, а веројатно дава и одговор на дел од причините зошто пописните резултати даваат поинаква слика, од она што јавноста ја смета за религиска реалност во Северна Македонија.

Ова истражување, прво посветено на пописот, воедно е и одлична анализа која надлежните државни институции ќе можат да ја искористат, за да согледаат кои прашања се ранливи и како може да се превенираат.

Исто така, ова истражување е од исклучително значење за самите верски заедници, за да можат да препознаат, дали и каде е евентуалниот пропуст во комуникацијата на релација: Верска заедница – верници – државни институции.

# Анализа и заклучни согледувања

## Концепт на истражувањата

Дефиницијата за мулти-религиска држава е соодветен за македонските прилики, со оглед дека мулти-конфесионалноста и од историски, но и од современ аспект претставува значајна карактеристика на македонското општество која влијае врз процесите и го обликува развојот на државата. Доколку се имплементира правилно, концептот на мулти-религиска држава може да биде значајна кохезивна сила помеѓу граѓаните со различна вероисповест, но во случај на погрешна имплементација или злоупотеба и сегментирање на општеството на религиска основа, мулти-конфесионалноста може да прерасне во извор на конфликти, дури и во општество како македонското каде има долга традиција на соживот помеѓу повеќе религии. Со оглед на фокусирање кон мулти-етничкиот концепт во изминатите неколку децении, мулти-религискиот аспект на македонското општество е честопати занемарен, иако понекогаш се споменува како одреден импакт фактор, но без притоа сериозно да се анализира степенот на влијание на религијата врз општествените процеси. Токму со цел да се добие една генерална слика за влијанието на религијата во македонското општество, Институтот за Политички истражувања од Скопје (ИПИС), заедно со веб-порталот religija.mk и фондацијата Конрад Аденауер (КАС), во 2016 година го започнаа проектот „Република Северна Македонија како мултиконфесионално општество“. Проектот вклучува истражувања и анализи (кои се базирани на резултатите од тие истражувања) на повеќе општествени процеси во кои се испитува степенот на влијанието на религијата и религиозните убедувања. Основната идеја која стои зад овој проект е преку анализа на јавните перцепции и ставови кон религијата, како и нивната улога во македонското мулти-конфесионално општество, да се иницира јавна дебата и да се подигне јавната свест кон овие прашања, што би довело и до идни промени и унапредување на односите во оваа сфера, а со тоа и во самото општество.

# Методологија на истражување

При спроведување на истражувањето е користена квантитативна истражувачка методологија на собирање на податоци, (преку телефонска анкета), која овозможува веродостојно и прецизно скенирање на ставовите на генералната популација. ИПИС има детален преглед на македонските телекомуникациски мрежи и нивната дата база, што овозможува целосна територијална покриеност на националните анкети. За спроведување на анкетите се користи CATI методот и *dual frame sampling model* (фиксни и мобилни линии). За време на интервјуата, а со цел да се постигнат високи нивоа на доверба, се користи моделот на случаен избор и анонимност во анкетирањето, кое му е посочено посебно на секој испитаник. За испитанците чиј мајчин јазик не е македонскиот се ангажираат анкетари кои ги говорат јазиците на другите заедници, со цел да се избегне можна јазична бариера во комуникацијата.

Со цел да се задржат високо поставените методолошки стандарди, креиран е репрезентативен примерок за истражувањата на национално ниво, редовно тестиран и обновуван. Во овој примерок се запазени сите релевантни социо-демографски карактеристики на населението во РМ. Националните анкети се спроведуваат со стратификуван примерок (во две етапи со случаен избор на испитаникот). Со оглед на спецификите на истражувањето, примерокот е стратификуван согласно регионите и населените места. Големината на примерокот се избира согласно потребите на истражувањето, а во овој случај беа вклучени 1114 испитаници со задржување на генералниот сооднос во поглед на базичните демографски карактеристики како пол, возраст, професија и образование. Стратификацијата е соодветна со најновите податоци од државниот завод за статистика. Просечната респонзивност во анкетите зависи од самата тема на истражувањето и се движи од 30-60%, а за ова истражување беше 41% од добиените соговорници. Маргиналната грешка е помеѓу +/-3.2% со 95% интервал на веродостојност.

# Анализа

Истражувањето насловено „Попис 2021: Приказ на мултиетничкиот и мулти-религискиот карактер на општеството" е спроведено во првата половина од Април 2022, веднаш по презентацијата на резултатите од пописот од страна на државниот завод за статистика (ДЗС) на 30 Март 2022. Истражувањето е направено помеѓу полнолетни испитаници на национално ниво. Ова истражување имаше за цел да ја детектира перцепцијата помеѓу верниците за нивните погледи во однос на резултатите од пописот спроведен есента 2021 година, а на кој меѓудругото имаше и прашања во однос на религиозната припадност на населението. Во овој контекст значајно е да се напомене дека пописот од 2021 година е прв спроведен попис во изминатите 20 години, со оглед дека последниот беше во 2002 година, а редовниот попис од 2011 година беше прекинат кратко време по започнување на теренските активности за собирање на податоците.

Во воведниот дел имаше неколку стандардни прашања кои се однесуваат на општиот однос на граѓаните за религијата и религиозните учења. За таа цел беа поставени прашања во контекст на самата перцепција за религиозност. Овие прашања беа вклучени и во повеќето претходни истражувања спроведени во изминатите неколку години.

Стандардното воведно прашање беше ***На која религија и припаѓате?*** при што 71% се изјасниле како православни и 25%  муслимани, додека припадници на други религии или атеисти биле околу 3% од испитаниците. Сепак, како што беше напоменато и во претходните слични истражувања, секогаш мора да се земе во предвид разликата помеѓу припадност  и практикување на религија, каде првото е повеќе перцепирано како традиција и наследство, додека второто е личен избор на луѓето кои самостојно одлучуваат дали религијата ќе ја практикуваат или не. Токму затоа, како и претходно, второто прашање од анкетата беше ***Дали за себе може да кажете дека сте религиозен/на?*** На ова прашање 52% од испитаниците кажале дека се религиозни и дополнителни 37% изјавиле дека се донекаде религиозни. Како малку или воопшто нерелигиозни се определиле 9% од испитаниците.

Со следното прашање од анкетата започнува главниот дел од истражувањето, односно испитување на перцепциите околу резултатите од пописот спроведен 2021 година. Првото воведно прашање во овој дел на анкетата беше ***Дали учествувавте на пописот кој се одржа минатата година, за кого неодамна беа објавени резултатите, односно дали се попишавте?*** На ова прашање потврдно одговориле 90% од испитаниците, додека 10% изјавиле дека не учествувале на пописот. Овие резултати се во согласност со објавените податоци од пописот каде 7,2% од граѓаните не земале учество во истиот и затоа биле административно попишани во согласност со податоците од повеќе административни датабази кои и беа ставени на располагање на ДЗС. *Претпоставките се дека значајниот процент на граѓани кои одбиле да земат учество во пописот се должи на повеќе фактори, меѓу кои најзначајни се стравот од ковид пандемијата, контроверзниот закон за попис, но и кампањата за бојкот на пописот, која беше актуелна во време на одржување на пописот.*

Следните неколку прашања беа моделирани во насока да се дознаат причините поради кои граѓаните одлучиле да се попишат, односно да не се попишат. На прашањето ***Дали некој влијаеше на вашата одлука да се попишете?*** Најголем дел од испитаниците одговориле негативно, односно 90%, додека 9% изјавиле

дека имале влијание со цел да се попишат. Кај православните верници овој процент е 6%, додека кај муслиманите е релативно повисок, односно 19%. На прашањето ***Кој влијаеше да се попишете?*** кое беше поставено само на оние 9% од испитаниците кои одговориле дека некој влијаел со цел да се попишат, најголем дел, односно 72% од нив одговориле дека тоа било поблиското семејство, (90% кај православните и 57% кај муслиманите), 12% државата (5% кај православните и 17% кај муслиманите), 10% политичките партии (0% кај православните и 19% кај муслиманите) и 3% невладините (0% кај православните и 6% кај муслиманите).

На прашањето кое им беше поставено само на оние 10% од испитаниците кои одговориле дека не се попишале, односно ***Дали некој влијаеше на вашата одлука да НЕ се попишете?*** Најголем дел од испитаниците одговориле негативно, односно 95%, додека 5% одговориле потврдно. Со оглед дека 5% од овие испитаници се вкупно 6 испитаника (од вкупно 111 кои изјавиле дека не се попишале), одговорите на следното прашањето ***Кој влијаеше на вашата одлука да НЕ се попишете?*** Се статистички нерелевантни поради малиот број на испитаници и затоа нема да бидат земени предвид во анализата. *Според одговорите на претходните четири прашања може да се заклучи дека одлуката да се попишат или да не се попишат, најголемиот дел од граѓаните ја донеле сами, без сугестии од надворешни фактори, иако кај муслиманите ова влијание е позначајно со 19% (6% кај православните).*

Следното прашање беше во контекст на кампањата за бојкот на пописот, која беше спроведувана од страна на одредени невладини организации, здруженија и политички партии и гласеше ***Како ја оценувате кампањата за бојкот на пописот, дали беше продуктивна и ги даде очекуваните резултати или беше контрапродуктивна?*** На ова прашање 11% од испитаниците одговориле потврдно, 57% сметаат дека беше контрапродуктивна и 32% немаат мислење. Иако повеќето испитаници сметаат дека кампањата за бојкот на пописот беше контрапродуктивна, сепак значајни 11% сметаат дека таа била продуктивна, што на некој начин кореспондира со бројот на испитаници кои изјавиле дека не се попишале. *Иако повеќето од испитаниците кои изјавиле дека кампањата за бојкот била „продуктивна“ сепак се попишале, сепак 16% од нив не земале учество на пописот со што може да се заклучи дека дел од оние кои не се попишале, ја донеле таа одлука врз база на кампањата за бојкот на пописот.*

Во следниот сет на прашања граѓаните требаше да ја дадат нивната перцепција, односно оцена за објавените резултати од пописот. На прашањето ***Дали сметате дека официјалните резултати од пописот објавени од страна на Државниот завод за статистика се реален приказ на состојбата по однос на следните категории?*** граѓаните требаше да го дадат нивното мислење за резултатите по однос на ***етничката*** и ***религиската*** припадност. Во однос на *етничката* припадност, 30% од испитаниците сметаат дека резултатите се реален приказ, додека 42% сметаат дека тие не се реален приказ на состојбата, а останатите 28% немаат мислење. Процентот кај православните испитаници е 30% наспроти 45% кои сметаат дека не е реален приказ, додека кај муслиманите е 34% наспроти 37%. Од тука *може да се заклучи дека за поголем процент граѓани, особено кај оние со православна деноминација, резултатите од пописот се контроверзни и тие не ја отсликуваат реалната состојба во однос на етничката припадност во државата. Ова секако се должи пред се на условите (ковид пандемија, кампања за бојкот, контроверзен закон за попис итн) во кои започна и се одржа пописот минатата година, но и на резултатите во кои имаше висок процент на т.н. административно попишани лица без изразена етничка припадност.*

Во однос на *религиската* припадност, 29% од испитаниците сметаат дека резултатите од пописот се реален приказ на состојбите во државата (28% кај православните и 34% кај муслиманите), додека повисоки 35% (40% кај православните и 28% кај муслиманите) сметаат дека не се, а 36% не знаат или немаат одговор. *Очигледна е сличноста на ставовите на испитаниците по прашањето за перцепциите околу реалниот приказ на*

*пописот за религиска припадност, споредено со истото прашање за етничка припадност, односно релативното поклопување на перцепциите, како и дискрепанцата помеѓу православните и муслиманските испитаници во однос на двете прашања, каде недовербата во пописните резултати е поизразена кај православните отолку кај муслиманите. Истотака забележителен е и високиот процент на граѓани кои не знаат или не сакаат да одговорат на двете прашања со што се потенцира конфузност кај голем дел од населението во однос на пописот и пописните резултати, особено кај етничката и верската припадност, кои во македонското општество се често предмет на политизација.*

Во однос на перцепцијата на резултатите за *вкупното население во државата, повторно се потврдуваат констатациите од претходните заклучоци за етничката и религиската припадност, иако не толку изразени*. Имено, 37% сметаат дека резултатите од пописот во однос на вкупното население се реален приказ на состојбите во државата, 32% дека не се и повторно високи 31% не дале одговор. Кај православните процентите се 36-36-27 (реален-нереален-не знам/НО), додека кај муслиманите се 44-20-36.

Следните неколку прашања им беа поставени само на испитаниците кои на претходните прашања во однос на етничката и религиската припадност, како и во однос на вкупното население, изјавиле дека резултатите од пописот НЕ се реален приказ на состојбите во државата. На прашањето ***Која е главната причина поради која сметате дека резултатите за етничка/религиска/вкупно население не се реален приказ* на состојбите?** Во однос на етничката припадност 30% од испитаниците кои сметаат дека резултатите не се реален приказ на состојбите одговориле дека сметаат *дека пописот е наместен*, 40% не дале специфична причина, 9% изјавиле *политички интереси, 10% поради бојкотот на пописот, а 5% поради слабата организација.* Кај *религијата* 65% не дале специфична причина, 12% дека пописот е наместен, 8% дека попишувачите не го поставувале јасно прашањето, 7% поради бојкот, а 5% поради политички интереси. Во однос на оние кои сметаат дека податоците за вкупното население не се реален приказ на состојбите, 56% не дале специфичен одговор, 12% сметаат дека пописот бил наместен, исто 12% дека имало бојкот, 7% слаба организација, а 4% поради политички интереси. Оттука може да се заклучи *дека генерално главната причина поради која испитаниците кои немаат доверба во пописните резултати е дека тие сметаат дека пописот бил наместен, а како втора причина го посочиле бојкотот на пописот кај дел од населението.*

Следното прашање во истражувањето беше ***Дали сметате дека на пописот требаше да има прашање за етничка/религиска припадност?*** На ова прашање во однос на етничката припадност, 65% одговориле дека требаше да има, додека 14% дека не требаше да има. Во однос на религиската припадност, 58% сметаат дека требаше да има, а 19% не се согласуваат. Може да се заклучи дека *повеќето испитаници сметаат дека на пописот требаше да бидат вклучени и прашањата за етничка и религиска припадност.*

Во следното прашање, испитаниците одговараа ***Дали на пописот ја декларирале нивната етничка, односно религиска припадност?*** На прашањето за религиска припадност 72% одговориле потврдно, додека 15% изјавиле дека не ја декларирале нивната религиска припадност. Интересна е сериозната дискрепанца помеѓу православните каде само 68% одговориле со да, додека кај муслиманите овој процент е 93. Кај етничката припадност 75% изјавиле дека ја декларирале, иако и тука постои поголемо отстапување помеѓу православните (71%) и муслиманите 93%. Во однос на тоа ***Дали некој им предлагал, односно сугерирал како да се произјаснат?*** За етничката припадност 4% од испитаниците одговориле потврдно, а кај религиската 7%.

Следните две прашања беа поставени во насока да се добијат податоци од испитаниците во однос на начинот на кој им се поставило прашањето во однос на религиската припадност од страна на попишувачите, со оглед дека резултатите од пописот беа прилично

конфузни што се однесува на религиската припадност, односно самото прашање и особено одговорите на тоа прашање беа методолошки неиздржани. Имено, кај резултатите за религиска припадност воопшто не се водела сметка за методолошко структуирање на религијата и религиската деноминација, што е од особена важност со оглед дека постојат повеќе деноминации кај доминантните религии. Во македонскиот религиски мозаик, традиционално е доминантна христијанската религија со православна деноминација, следена од исламот со сунитска деноминација. Иако во државата се присутни и други деноминации на христијанството и исламот, тие се застапени во многу помал процент, неспоредлив со претходните две наведени. Сепак, при презентација на резултатите од пописот, во делот на религиозна припадност, дел од населението беше претставено преку генералната религиска припадност, а дел преку религиска деноминација, што како што беше наведено погоре, претставува сериозен методолошки превид на ДЗС. Ова беше особено значајно во делот на главната христијанска деноминација (православната), каде беше прикажан процент кој е далеку помал од претходните пописи и не соодветствува со реалната религиска мапа во државата, односно методолошките недоследности беа најмногу на штета на најголемата религиска деноминација во земјата, православните христијани. Имено, според пописните резултати (покрај 7,2% на административно попишани без религиска припадност), само 46,1% се наведени како *православни христијани*, но во графата за религија има наведено и 13,2% *христијани* без притоа да се забележи нивната деноминација. Доколку се земат предвид претходните пописи на население, јасно е дека најголем дел од попишаните христијани, се всушност православни христијани.

Затоа во истражувањето граѓаните беа запрашани ***Дали попишувачите најпрво ве прашаа, дали припаѓате на некоја религија или само на која религија припаѓате?*** како и ***Дали ве прашаа генерално на која религија припаѓате од типот христијанска, муслиманска и слично, или ве прашаа и попрецизно (на која деноминација сте), на пример доколкусте христијанин дали сте православен, католик и сл. или доколку сте муслимандали сте сунит, шиит и сл.?*** Во одговорите на овие прашања, всушност *се потврдуваат претпоставките опишани погоре, како во однос на недоследноста во методолошкиот пристап на пописот во однос на прашањето за религија, така и во однос на конфузноста која се појавила кај голем дел од граѓаните поради различниот приод на попишувачите кој пак е директна последица повторно на лошиот методолошки пристап при креирањето на пописниот прашалник во однос на религиската припадност.* Имено, на првото прашање, 26% од испитаниците одговориле дека биле прво прашани дали припаѓаат на некоја религија, 27% биле директно прашани на која религија и припаѓаат, а 35% одговориле дека не се сеќаваат. На второто прашање, 28% одговориле дека прашањето беше генерално (само за религија, без деноминација), 20% дека биле прашани прецизно (религија и деноминација) и 39% изјавиле дека не се сеќаваат. Со оглед на одговорите на претходните две прашања, не е за изненадување дека на следното прашање ***Дали сметате дека беше потребна поголема информираност за прецизно изјаснување во врска со религиската припадност?*** високи 45% се изјасниле потврдно, а 33% сметаат дека немало потреба од поголема информираност. *Кај православните христијани процентот на оние кои сметаат дека било потребно поголема информираност во однос на религиозното изјаснување е уште повисок од генералниот (45%) и изнесува 54%.*

Во последното прашање од анкетата граѓаните беа прашани ***Дали имале препорака од нивната верска заедница како правилно да се изјаснат за нивната религиска припадност на пописот?*** На ова прашање, 5% одговориле потврдно, додека 84% кажале дека немале никаква препорака во однос на нивното религиско изјаснување на пописот. *Може да се заклучи дека верските заедници не влијаеле, односно не им препорачале на верниците како да се изјаснат на пописот во однос на нивната религиска припадност.*

# Заклучок

- **Претпоставките се дека значајниот процент на граѓани кои одбиле да земат учество во пописот се должи на повеќе фактори, меѓу кои најзначајни се стравот од ковид пандемијата, контроверзниот закон за попис, но и кампањата за бојкот на пописот, која беше актуелна во време на одржување на пописот.**

- **Одлуката да се попишат или да не се попишат, најголемиот дел од граѓаните ја донеле сами, без сугестии од надворешни фактори, иако кај муслиманите ова влијание е позначајно со 19% (6% кај православните).**

- **Иако повеќето од испитаниците кои изјавиле дека кампањата за бојкот била „продуктивна" сепак се попишале, сепак 16% од нив не земале учество на пописот со што може да се заклучи дека дел од оние кои не се попишале, ја донеле таа одлука врз база на кампањата за бојкот на пописот.**

- **За поголем процент граѓани, особено кај оние со православна деноминација, резултатите од пописот се контроверзни и тие не ја отсликуваат реалната состојба во однос на етничката припадност во државата.**

- **Ова секако се должи пред се на условите (ковид пандемија, кампања за бојкот, контроверзен закон за попис итн.) во кои започна и се оддржа пописот минатата година, но и на резултатите во кои имаше висок процент на т.н. административно попишани лица без изразена етничка припадност.**

- **Очигледна е сличноста на ставовите на испитаниците по прашањето за перцепциите околу реалниот приказ на пописот за религиска припадност, споредено со истото прашање за етничка припадност, односно релативното поклопување на перцепциите, како и дискрепанцата помеѓу православните и муслиманите испитаници во однос на двете прашања, каде недовербата во пописните резултати е поизразена кај православните отолку кај муслиманите.**

- **Исто така забележителен е и високиот процент на граѓани кои не знаат или не сакаат да одговорат на двете прашања со што се потенцира конфузноста кај голем дел од населението во однос на пописот и пописните резултати, особено кај етничката и верската припадност, кои во македонското општество се често предмет на политизација.**

- **Кај перцепцијата на резултатите за вкупното население во државата, повторно се потврдуваат констатациите од претходните заклучоци за етничката и религиската припадност, иако не толку изразени.**

- **Генерално главната причина поради која испитаниците кои немаат доверба во пописните**

**резултати е дека тие сметаат дека пописот бил наместен, а како втора причина го посочиле бојкотот на пописот кај дел од населението.**

- **Повеќето испитаници сметаат дека на пописот требаше да бидат вклучени и прашањата за етничка и религиска припадност.**
- **Кај православните христијани процентот на оние кои сметаат дека било потребно поголема информираност во однос на религиозното изјаснување е уште повисок од генералниот (45%) и изнесува 54%.**
- **Верските заедници не влијаеле, односно не им препорачале на верниците како да се изјаснат на пописот во однос на нивната религиска припадност.**
- **Со анкетата се потврдуваат претпоставките околу причините за големото намалување на православните христијани на пописот, а зголемување на изјаснувањето само како христијанин. Тоа се должи како на недоследноста во методолошкиот пристап на пописот во однос на прашањето за религија, така и на конфузноста која се појавила кај голем дел од граѓаните поради различниот приод на попишувачите, кој пак е директна последица повторно на лошиот методолошки пристап при креирањето на пописниот прашалник во однос на религиската припадност.**

# Демографски карактеристики

1.1 Табела

| Пол | | |
|---|---|---|
| | Испитаници | Процент |
| Машки | 551 | 49.5 |
| Женски | 563 | 50.5 |
| Вкупно | 1114 | 100.0 |

1.1 Графикон



1.2 Табела

| Возраст | | |
|---|---|---|
| | Испитаници | Процент |
| до 29 години | 205 | 18.4 |
| од 30 до 39 години | 218 | 19.6 |
| од 40 до 49 години | 232 | 20.8 |
| од 50 до 59 години | 225 | 20.2 |
| над 60 години | 234 | 21.0 |
| Вкупно | 1114 | 100.0 |

1.2 Графикон



1.3 Табела

| Образование | | |
|---|---|---|
| | Испитаници | Процент |
| до основно | 46 | 4.1 |
| основно | 142 | 12.7 |
| средно | 699 | 62.7 |
| вишо и високо | 227 | 20.4 |
| Вкупно | 1114 | 100.0 |

1.3 Графикон



1.4 Табела

| Професија | Испитаници | Процент |
|---|---|---|
| Студент | 47 | 4.2 |
| Вработен во приватен сектор | 487 | 43.7 |
| Вработен државен сектор | 144 | 12.9 |
| Самовработен или сопственик на приватен бизнис | 35 | 3.1 |
| Земјоделец | 11 | 1.0 |
| Пензионер | 224 | 20.1 |
| Невработен | 158 | 14.2 |
| Друго | 8 | .7 |
| Вкупно | 1114 | 100.0 |

1.4 Графикон



1.5 Табела

| Етникум | | |
|---|---|---|
| | Испитаници | Процент |
| Македонец | 824 | 74.0 |
| Албанец | 250 | 22.4 |
| Друго | 40 | 3.6 |
| Вкупно | 1114 | 100.0 |

1.5 Графикон



1.6 Табела

| Место | | |
|---|---|---|
| | Испитаници | Процент |
| Село | 268 | 24.1 |
| Помал град | 250 | 22.4 |
| Поголем град | 338 | 30.3 |
| Скопје | 258 | 23.2 |
| Вкупно | 1114 | 100.0 |

1.6 Графикон



1.7 Табела

| Регион | | |
|---|---|---|
| | Испитаници | Процент |
| Вардарски регион | 99 | 8.9 |
| Источен регион | 110 | 9.9 |
| Југозападен регион | 119 | 10.7 |
| Југоисточен регион | 100 | 9.0 |
| Пелагониски регион | 119 | 10.7 |
| Полошки регион | 169 | 15.2 |
| Североисточен регион | 70 | 6.3 |
| Скопски регион | 328 | 29.4 |
| Вкупно | 1114 | 100.0 |

1.7 Графикон



# Табеларен приказ на резултатите :

## П.1 На која религија и припаѓате?




| | | Дек. 2019 | Апр. 2020 | Март 2021 | Ное. 2021 | **Апр. 2022** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| На која религија и припаѓате? | Православна | 73.5% | 70.7% | 72.3% | 72.4% | **71.0%** |
| | Исламска | 24.6% | 25.6% | 25.0% | 24.4% | **24.7%** |
| | Друго | .1% | 1.1% | .2% | .0% | **.0%** |
| | Атеист | 1.5% | 2.6% | 1.4% | 2.9% | **2.4%** |
| | Не знам / Нема одговор | .3% | .1% | 1.2% | .3% | **1.7%** |

| | | **ВКУПНО** | | **Пол** | | **Возраст** | | | | | **Образование** | | | | **Професија** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Машки | Женски | до 29 години | 30 - 39 | 40 - 49 | 50 - 59 | над 60 години | до основно | основно | средно | вишо и високо | Студент | Приватен сектор | Јавен сектор | Самовработен/ сопственик на приватен бизнис | Земјоделец | Пензионер | Невработен | Друго |
| **Број на испитаници** | | **1114** | **100%** | **551** | **563** | **205** | **218** | **232** | **225** | **234** | **46** | **142** | **699** | **227** | **47** | **487** | **144** | **35** | **11** | **224** | **158** | **8** |
| На која религија и припаѓате? | Православна | **791** | **71.0%** | 68.6% | 73.4% | 63.4% | 63.8% | 69.4% | 78.7% | 78.6% | 60.9% | 49.3% | 74.1% | 77.1% | 66.0% | 69.8% | 81.3% | 45.7% | 45.5% | 79.9% | 64.6% | 12.5% |
| | Исламска | **275** | **24.7%** | 25.2% | 24.2% | 31.2% | 32.1% | 29.3% | 16.4% | 15.4% | 37.0% | 47.2% | 20.7% | 20.3% | 23.4% | 26.3% | 16.0% | 54.3% | 54.5% | 14.3% | 31.0% | 87.5% |
| | Католичка | **2** | **.2%** | | .4% | | | | | .9% | | | .3% | | | | | | | .9% | | |
| | Атеист | **27** | **2.4%** | 3.8% | 1.1% | 3.9% | 2.8% | .9% | 2.7% | 2.1% | | 1.4% | 3.1% | 1.3% | 6.4% | 2.7% | 2.8% | | | 2.2% | 1.3% | |
| | НЗ/НО | **19** | **1.7%** | 2.4% | 1.1% | 1.5% | 1.4% | .4% | 2.2% | 3.0% | 2.2% | 2.1% | 1.7% | 1.3% | 4.3% | 1.2% | | | | 2.7% | 3.2% | |

| | | **Етникум** | | | **Место** | | | | **Регион** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонец | Албанец | Друго | Село | Помал град | Поголем град | Скопје | Вардарски | Источен | Југозападен | Југоисточен | Пелагониски | Полошки | Североисточен | Скопски |
| **Број на испитаници** | | **824** | **250** | **40** | **268** | **250** | **338** | **258** | **99** | **110** | **119** | **100** | **119** | **169** | **70** | **328** |
| На која религија и припаѓате? | Православна | 94.1% | | 40.0% | 47.8% | 84.0% | 73.4% | 79.5% | 98.0% | 85.5% | 50.4% | 96.0% | 98.3% | 28.4% | 62.9% | 71.6% |
| | Исламска | .4% | 100.0% | 55.0% | 51.5% | 8.8% | 21.9% | 15.9% | | | 49.6% | | | 66.9% | 31.4% | 24.7% |
| | Католичка | .2% | | | | .4% | .3% | | | | | 2.0% | | | | |
| | Атеист | 3.2% | | 2.5% | | 5.2% | 2.7% | 1.9% | | 11.8% | | | 1.7% | 1.8% | 5.7% | 1.5% |
| | НЗ/НО | 2.2% | | 2.5% | .7% | 1.6% | 1.8% | 2.7% | 2.0% | 2.7% | | 2.0% | | 3.0% | | 2.1% |

## П.2 Дали за себе може да кажете дека сте религиозен/на?




| | | Дек. 2019 | Апр. 2020 | Март 2021 | Ное. 2021 | **Апр. 2022** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Дали за себе може да кажете дека сте религиозен/на? | Да | 50.9% | 51.1% | 52.8% | 56.1% | **52.1%** |
| | Донекаде да | 33.4% | 32.7% | 33.7% | 34.7% | **36.6%** |
| | Донекаде не | 6.0% | 7.3% | 7.7% | 3.2% | **6.1%** |
| | Не | 5.3% | 6.1% | 5.1% | 3.7% | **2.4%** |
| | НЗ/НО | 4.5% | 2.8% | .6% | 2.3% | **2.8%** |

| | | **ВКУПНО** | | **Пол** | | **Возраст** | | | | | **Образование** | | | | **Професија** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Машки | Женски | до 29 години | 30 - 39 | 40 - 49 | 50 - 59 | над 60 години | до основно | основно | средно | вишо и високо | Студент | Приватен сектор | Јавен сектор | Самовработен/ сопственик на приватен бизнис | Земјоделец | Пензионер | Невработен | Друго |
| **Број на испитаници** | | **1114** | **100%** | **551** | **563** | **205** | **218** | **232** | **225** | **234** | **46** | **142** | **699** | **227** | **47** | **487** | **144** | **35** | **11** | **224** | **158** | **8** |
| Дали за себе може да кажете дека сте религиозен/на? | Да | **580** | **52.1%** | 49.0% | 55.1% | 43.9% | 53.7% | 53.9% | 47.6% | 60.3% | 73.9% | 61.3% | 49.5% | 49.8% | 44.7% | 50.3% | 51.4% | 45.7% | 72.7% | 59.4% | 50.6% | 37.5% |
| | Донекаде да | **408** | **36.6%** | 37.4% | 35.9% | 42.0% | 33.0% | 36.6% | 43.1% | 29.1% | 21.7% | 28.9% | 38.5% | 38.8% | 44.7% | 37.2% | 38.9% | 45.7% | 18.2% | 30.4% | 37.3% | 62.5% |
| | Донекаде не | **68** | **6.1%** | 7.4% | 4.8% | 9.3% | 7.3% | 6.9% | 4.0% | 3.4% | 2.2% | 2.8% | 6.4% | 7.9% | 4.3% | 7.8% | 6.3% | 2.9% | 9.1% | 3.1% | 6.3% | |
| | Не | **27** | **2.4%** | 2.9% | 2.0% | 2.9% | 2.3% | 1.3% | 2.2% | 3.4% | | 2.8% | 2.6% | 2.2% | 6.4% | 1.8% | 2.1% | | | 3.6% | 2.5% | |
| | НЗ/НО | **31** | **2.8%** | 3.3% | 2.3% | 2.0% | 3.7% | 1.3% | 3.1% | 3.8% | 2.2% | 4.2% | 3.0% | 1.3% | | 2.9% | 1.4% | 5.7% | | 3.6% | 3.2% | |

| | | **Етникум** | | | **Место** | | | | **Регион** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонец | Албанец | Друго | Село | Помал град | Поголем град | Скопје | Вардарски | Источен | Југозападен | Југоисточен | Пелагониски | Полошки | Североисточен | Скопски |
| **Број на испитаници** | | **824** | **250** | **40** | **268** | **250** | **338** | **258** | **99** | **110** | **119** | **100** | **119** | **169** | **70** | **328** |
| Дали за себе може да кажете дека сте религиозен/на? | Да | 50.5% | 56.0% | 60.0% | 56.0% | 52.4% | 53.3% | 46.1% | 44.4% | 50.9% | 52.9% | 56.0% | 52.1% | 62.1% | 62.9% | 45.7% |
| | Донекаде да | 38.2% | 33.2% | 25.0% | 32.1% | 32.8% | 40.2% | 40.3% | 51.5% | 29.1% | 38.7% | 27.0% | 45.4% | 26.6% | 24.3% | 41.5% |
| | Донекаде не | 6.3% | 5.6% | 5.0% | 5.6% | 8.8% | 3.3% | 7.8% | 2.0% | 10.9% | 4.2% | 10.0% | .8% | 4.1% | 8.6% | 7.6% |
| | Не | 2.7% | .8% | 7.5% | 1.9% | 3.2% | 1.5% | 3.5% | | 7.3% | .8% | 2.0% | .8% | 1.8% | 2.9% | 3.0% |
| | НЗ/НО | 2.3% | 4.4% | 2.5% | 4.5% | 2.8% | 1.8% | 2.3% | 2.0% | 1.8% | 3.4% | 5.0% | .8% | 5.3% | 1.4% | 2.1% |

П.3 Дали учествувавте на пописот кој се одржа минатата година, за кого неодамна беа објавени резултатите, односно дали се попишавте?




| | | ВКУПНО | | Пол | | Возраст | | | | | Образование | | | | Професија | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Машки | Женски | до 29 години | 30 - 39 | 40 - 49 | 50 - 59 | над 60 години | до основно | основно | средно | вишо и високо | Студент | Приватен сектор | Јавен сектор | Самовработен/ сопственик на приватен бизнис | Земјоделец | Пензионер | Невработен | Друго |
| **Број на испитаници** | | **1114** | **100%** | **551** | **563** | **205** | **218** | **232** | **225** | **234** | **46** | **142** | **699** | **227** | **47** | **487** | **144** | **35** | **11** | **224** | **158** | **8** |
| Дали учествувавте на пописот кој се одржа минатата година, за кого неодамна беа објавени резултатите, односно дали се попишавте? | Да | **998** | **89.6%** | 87.8% | 91.3% | 89.3% | 89.4% | 87.9% | 91.6% | 89.7% | 84.8% | 91.5% | 89.0% | 91.2% | 87.2% | 89.3% | 93.1% | 88.6% | 90.9% | 89.7% | 88.0% | 87.5% |
| | Не | **111** | **10.0%** | 11.6% | 8.3% | 10.7% | 10.6% | 11.6% | 7.6% | 9.4% | 15.2% | 7.7% | 10.6% | 8.4% | 12.8% | 10.1% | 6.9% | 11.4% | 9.1% | 9.8% | 11.4% | 12.5% |
| | НЗ/НО | **5** | **.4%** | .5% | .4% | | | .4% | .9% | .9% | | .7% | .4% | .4% | | .6% | | | | .4% | .6% | |

| | | Етникум | | | Место | | | | Регион | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонец | Албанец | Друго | Село | Помал град | Поголем град | Скопје | Вардарски | Источен | Југозападен | Југоисточен | Пелагониски | Полошки | Североисточен | Скопски |
| **Број на испитаници** | | **824** | **250** | **40** | **268** | **250** | **338** | **258** | **99** | **110** | **119** | **100** | **119** | **169** | **70** | **328** |
| Дали учествувавте на пописот кој се одржа минатата година, за кого неодамна беа објавени резултатите, односно дали се попишавте? | Да | 88.8% | 91.2% | 95.0% | 91.0% | 89.6% | 89.3% | 88.4% | 96.0% | 89.1% | 88.2% | 90.0% | 91.6% | 84.6% | 94.3% | 89.0% |
| | Не | 10.6% | 8.8% | 5.0% | 9.0% | 9.6% | 10.1% | 11.2% | 3.0% | 10.0% | 11.8% | 9.0% | 8.4% | 14.8% | 5.7% | 10.7% |
| | НЗ/НО | .6% | | | | .8% | .6% | .4% | 1.0% | .9% | | 1.0% | | .6% | | .3% |

## П.4 Дали некој влијаеше на вашата одлука ДА СЕ ПОПИШЕТЕ? *

**Дали некој влијаеше на вашата одлука ДА СЕ ПОПИШЕТЕ? ***




* Испитаници што учествувале на пописот.

| | | ВКУПНО | | Пол | | Возраст | | | | | Образование | | | | Професија | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Машки | Женски | до 29 години | 30 - 39 | 40 - 49 | 50 - 59 | над 60 години | до основно | основно | средно | вишо и високо | Студент | Приватен сектор | Јавен сектор | Самовработен/ сопственик на приватен бизнис | Земјоделец | Пензионер | Невработен | Друго |
| **Број на испитаници** | | **998*** | **100%** | **484** | **514** | **183** | **195** | **204** | **206** | **210** | **39** | **130** | **622** | **207** | **41** | **435** | **134** | **31** | **10** | **201** | **139** | **7** |
| Дали некој влијаеше на вашата одлука ДА СЕ ПОПИШЕТЕ? | Да | **89** | **8.9%** | 10.3% | 7.6% | 9.8% | 12.3% | 10.8% | 9.2% | 2.9% | 5.1% | 10.0% | 9.3% | 7.7% | 17.1% | 11.0% | 6.0% | 16.1% | 20.0% | 3.0% | 8.6% | 14.3% |
| | Не | **893** | **89.5%** | 87.8% | 91.1% | 89.6% | 83.1% | 88.7% | 90.8% | 94.8% | 94.9% | 86.2% | 89.4% | 90.8% | 82.9% | 87.6% | 93.3% | 77.4% | 80.0% | 94.5% | 89.9% | 85.7% |
| | НЗ/НО | **16** | **1.6%** | 1.9% | 1.4% | .5% | 4.6% | .5% | | 2.4% | | 3.8% | 1.3% | 1.4% | | 1.4% | .7% | 6.5% | | 2.5% | 1.4% | |

| | | Етникум | | | Место | | | | Регион | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонец | Албанец | Друго | Село | Помал град | Поголем град | Скопје | Вардарски | Источен | Југозападен | Југоисточен | Пелагониски | Полошки | Североисточен | Скопски |
| **Број на испитаници** | | **732** | **228** | **38** | **244** | **224** | **302** | **228** | **95** | **98** | **105** | **90** | **109** | **143** | **66** | **292** |
| Дали некој влијаеше на вашата одлука ДА СЕ ПОПИШЕТЕ? | Да | 5.6% | 19.7% | 7.9% | 9.8% | 8.9% | 7.9% | 9.2% | | 14.3% | 17.1% | | 5.5% | 12.6% | 12.1% | 8.6% |
| | Не | 94.1% | 74.1% | 92.1% | 86.1% | 91.1% | 90.7% | 89.9% | 100.0% | 85.7% | 81.0% | 98.9% | 94.5% | 83.2% | 86.4% | 89.4% |
| | НЗ/НО | .3% | 6.1% | | 4.1% | | 1.3% | .9% | | | 1.9% | 1.1% | | 4.2% | 1.5% | 2.1% |

## П.5 Кој влијаеше на вашата одлука? *




* Испитаници на кои влијаеле на одлуката да се попишат.

| | | ВКУПНО | | Пол | | Возраст | | | | | Образование | | | | Професија | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Машки | Женски | до 29 години | 30 - 39 | 40 - 49 | 50 - 59 | над 60 години | до основно | основно | средно | вишо и високо | Студент | Приватен сектор | Јавен сектор | Самовработен/ сопственик на приватен бизнис | Земјоделец | Пензионер | Невработен | Друго |
| **Број на испитаници** | | **89*** | **100%** | **50** | **39** | **18** | **24** | **22** | **19** | **6** | **2** | **13** | **58** | **16** | **7** | **48** | **8** | **5** | **2** | **6** | **12** | **1** |
| Кој влијаеше на вашата одлука? | Поблиското семејство | **64** | **71.9%** | 82.0% | 59.0% | 77.8% | 62.5% | 86.4% | 78.9% | 16.7% | | 69.2% | 72.4% | 81.3% | 100.0% | 77.1% | 87.5% | 40.0% | 50.0% | 16.7% | 66.7% | 100.0% |
| | Органите на државата (власта) | **11** | **12.4%** | 10.0% | 15.4% | 5.6% | 20.8% | 4.5% | 10.5% | 33.3% | 100.0% | 7.7% | 13.8% | | | 6.3% | 12.5% | 60.0% | | 33.3% | 16.7% | |
| | Невладините организации | **3** | **3.4%** | 2.0% | 5.1% | 5.6% | 4.2% | 4.5% | | | | | 1.7% | 12.5% | | 6.3% | | | | | | |
| | Политичките партии | **9** | **10.1%** | 2.0% | 20.5% | 11.1% | 12.5% | 4.5% | 5.3% | 33.3% | | 23.1% | 8.6% | 6.3% | | 8.3% | | | 50.0% | 33.3% | 16.7% | |
| | Нема одговор | **2** | **2.2%** | 4.0% | | | | | 5.3% | 16.7% | | | 3.4% | | | 2.1% | | | | 16.7% | | |

| | | Етникум | | | Место | | | | Регион | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонец | Албанец | Друго | Село | Помал град | Поголем град | Скопје | Вардарски | Источен | Југозападен | Југоисточен | Пелагониски | Полошки | Североисточен | Скопски |
| **Број на испитаници** | | **41** | **45** | **3** | **24** | **20** | **24** | **21** | **0** | **14** | **18** | **0** | **6** | **18** | **8** | **25** |
| Кој влијаеше на вашата одлука? | Поблиското семејство | 87.8% | 57.8% | 66.7% | 58.3% | 70.0% | 70.8% | 90.5% | | 71.4% | 77.8% | | 83.3% | 44.4% | 50.0% | 92.0% |
| | Органите на државата (власта) | 7.3% | 15.6% | 33.3% | 16.7% | 20.0% | 8.3% | 4.8% | | 14.3% | 11.1% | | 16.7% | 16.7% | 25.0% | 4.0% |
| | Невладините организации | | 6.7% | | 4.2% | | 4.2% | 4.8% | | | | | | 11.1% | | 4.0% |
| | Политичките партии | | 20.0% | | 20.8% | 5.0% | 12.5% | | | | 11.1% | | | 27.8% | 25.0% | |
| | Нема одговор | 4.9% | | | | 5.0% | 4.2% | | | 14.3% | | | | | | |

## П.6 Дали некој влијаеше на вашата одлука да НЕ СЕ ПОПИШЕТЕ? *




* Испитаници што не учествувале на пописот.

| | | ВКУПНО | | Пол | | Возраст | | | | | Образование | | | | Професија | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Машки | Женски | до 29 години | 30 - 39 | 40 - 49 | 50 - 59 | над 60 години | до основно | основно | средно | вишо и високо | Студент | Приватен сектор | Јавен сектор | Самовработен/ сопственик на приватен бизнис | Земјоделец | Пензионер | Невработен | Друго |
| **Број на испитаници** | | **111*** | **100%** | **64** | **47** | **22** | **23** | **27** | **17** | **22** | **7** | **11** | **74** | **19** | **6** | **49** | **10** | **4** | **1** | **22** | **18** | **1** |
